Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-3341/2 од 13.09.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26-та седница одржана на 13.09.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година, бр.05-2789/1 од 23.07.2021 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година ќе се зголемат за 1.500.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 126.817.233,00 денари.

2. Со зголемувањето од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари, наменети за:

- доделување на еднократна финансиска помош за семејствата на починатите лица во пожарот во модуларната болницата за Ковид пациенти во Тетово во износ од 1.000.000,00 денари и
- зголемување на средствата за исплата на плати на вработените во Агенцијата во износ од 500.000,000 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- **Вкупните приходи** ќе се зголемат за 1.500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 125.317.233,00 денари ќе изнесуваат 126.817.233,00 денари;
- Приходната ставка **Планиран приход од финансиски средства од Буџетот на РСМ** наместо сегашниот износ од 54.000.000,00 денари ќе се зголеми за 12.600.000,00 денари и истиот ќе изнесува 66.600.000,00 денари;
- Приходната ставка **Пренесени вишок средства од минатата година** ќе се намали за 11.100.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 14.360.233,00 денари ќе изнесува 3.260.233,00 денари;
- **Вкупните расходи** ќе се зголемат за 1.500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 125.317.233,00 денари ќе изнесуваат 126.817.233,00 денари;
- Се воведува нова групна ставка која гласи **450- Помошти, донации и други давања на субјекти** и истата ќе изнесува 1.000.000,00 денари, наменети за доделување на еднократна финансиска помош за семејствата на починатите лица во пожарот во модуларната болницата за Ковид пациенти во Тетово;
- Се воведува и нова позиција **450100- Помошти, донации и други давања на субјекти,** која ќе изнесува 1.000.000,00 денари;

- Ставка **460 – Вкалкулирани плати** ќе се зголеми за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 52.223.233,00 денари ќе изнесува 52.723.233,00 денари;
- Позицијата **460000 – Нето плати и надомести за плати** ќе се зголеми за 324.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 34.360.103,00 денари, ќе изнесува 34.684.103,00 денари;
- Позицијата **460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати** ќе се зголеми за 36.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.240.625,00 денари, ќе изнесува 3.276.625,00 денари;
- Позицијата **460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** ќе се зголеми за 94.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 9.817.968,00 денари, ќе изнесува 9.911.968,00 денари;
- Позицијата **460310 – Придонес за вработување** ќе се зголеми за 6.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 626.678,00 денари, ќе изнесува 632.678,00 денари;
- Позицијата **460320 – Придонес за здравствено осигурување** ќе се зголеми за 37.500,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.916.743,00 денари, ќе изнесува 3.954.243,00 денари и
- Позицијата **460330 – Придонес за професионално осигурување** ќе се зголеми за 2.500,00 денари и наместо сегашниот износ од 261.116,00 денари, ќе изнесува 263.616,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година, со цел да се обезбедат средства наменети за доделување на еднократна финансиска помош за семејствата на починатите лица во пожарот во модуларната болницата за Ковид пациенти во Тетово, како и зголемување на средствата за исплата на плати на вработените во Агенцијата. За да се зголемат приходите, потребно е да се направат измени на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година и тоа: Приходната ставка Планиран приход од финансиски средства од Буџетот на РСМ, наместо сегашниот износ од 54.000.000,00 денари ќе се зголеми за 12.600.000,00 денари и истиот ќе изнесува 66.600.000,00 денари. Зголемувањето на наведената позиција за 12.600.000,00 денари се должи на зголемените средства кои што беа обезбедени со Ребалансот на Буџетот на РСМ донесен во месец јули 2021 година. Наведениот износ беше уплатен во целост на сметката на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 25 август 2021 година. Приходната ставка Пренесени вишок средства од мината година ќе се намали за 11.100.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 14.360.233,00 денари ќе изнесува 3.260.233,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2021 година, вкупните планирани приходи според планот ќе се зголемат за 1.500.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 126.817.233,00 денари.

За да се обезбедат средства во износ од 1.500.000,00 денари, потребно е да се изврши промена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година и тоа: Се воведува нова групна ставка која гласи 450- Помошти, донации и други давања на субјекти и истата ќе изнесува 1.000.000,00 денари, наменети за доделување на еднократна финансиска помош за семејствата на починатите лица во пожарот во модуларната болницата за Ковид пациенти во Тетово. Се воведува и нова позиција 450100- Помошти, донации и други давања на субјекти, која ќе изнесува 1.000.000,00 денари. Групната ставка 460 – Вкалкулирани плати ќе се зголеми за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 52.223.233,00 денари ќе изнесува 52.723.233,00 денари. Позицијата 460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати ќе се зголеми за 36.000,00 денари и

наместо сегашниот износ од 3.240.625,00 денари, ќе изнесува 3.276.625,00 денари. Позицијата 460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување ќе се зголеми за 94.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 9.817.968,00 денари, ќе изнесува 9.911.968,00 денари. Позицијата 460310 – Придонес за вработување ќе се зголеми за 6.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 626.678,00 денари, ќе изнесува 632.678,00 денари. Позицијата 460320 – Придонес за здравствено осигурување ќе се зголеми за 37.500,00 денари и наместо сегашниот износ од 3.916.743,00 денари, ќе изнесува 3.954.243,00 денари и Позицијата 460330 – Придонес за професионално осигурување ќе се зголеми за 2.500,00 денари и наместо сегашниот износ од 261.116,00 денари, ќе изнесува 263.616,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2021 година, вкупните планирани расходи според планот ќе се зголемат за 1.500.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 126.817.233,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-3341/2 од 13.09.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26-та седница одржана на 13.09.2021 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр. 05-3364/1**

**14.09. 2021 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;